**Основен суд Охрид**
**Су – 04 бр. 18/23**
**16. 05. 2023 год.**
**О х р и д**

Врз основа на чл.18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ." бр.43/15, 98/15, 33/15, 6/16 и 198/18 ) во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Охрид, Су -03 бр. 39/16 од 28.01.2016, Су -03 бр. 264/18 од 21.12.2018, Су -03 бр. 264/18-2 од 27.07.2021 , Основниот суд Охрид, на ден 16.05.2023 година, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 3/2023**
- За вработување на определено време –

За вработување на лица кои вршат технички-помошни работи на **определено време** за работно место

**„Хигиеничар" – 2 (двајца) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнато средно образование
***Работно искуство:*** Со или без работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции :***
Платата на вработениот ќе изнесува 20.500,оо денари.
Работни часови неделно :40 часа;
Работно време од 6,00 – 8,00 и од 15:00 до 21:00 .
Дневна пауза од 17:30 до 18:00 часот.
Работни денови : од понеделник до петок.

Покрај наведените посебни услови заинтересираните **кандидати треба да ги исполнуваат и следните општи услови предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија ( уверение за државјанство не постаро од 6 месеци)
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен ( копија од лична карта)
- да има општа здравствена способност за работното место ( не постаро од 6 месеци)
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност ( уверение не постаро од 6 месеци).

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Основен суд Охрид на приемна писарница или да ја симнат од веб страната на судот www. osohrid.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост,читливо,прецизно и со точни податоци.

Рокот за пријавување трае 5 (пет) дена сметано од денот на последното објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Во моментот на поднесувањето на пријавата со доказите, кандидатите треба да ги исполнуваат условите наведени во огласот.

Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови ( за стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции ) кандидатите се должни да ги доставaт непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака за Оглас бр. 3/2023, на следната адреса:

Основен суд Охрид ,
Бул. „ Македонски просветители„ бр. 8,

ОСНОВЕН СУД ОХРИД